Врз основа на член 22 став 2 од Законот за трговија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 16/04), министерот за економија, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МИНИМАЛНО-ТЕХНИЧКИТЕ УСЛОВИ ЗА ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИ И ПРОСТОРИИ ВО КОИ СЕ ВРШИ ТРГОВИЈА**

Член 1

Во Правилникот за минимално-техничките услови за деловните простори и простории во кои се врши трговија ("Сл. весник на Република Македонија" бр 21/04 и 54/04) во членот 19, по алинејата 10 се додава нова алинеја која гласи:

"- на јасен и читлив начин да го истакне називот на секој поединечен нафтен дериват и неговата цена со димензии на буквите и цифрите од најмалку 10 см висина и тоа на осветлена табла со димензии од најмалку 150 см висина и 100 см ширина, подигната најмалку 100 см од земја, поставена на влезот или на друго видно место на бензинската станица".

Член 2

Во член 22 став 1 се менува и гласи: "Увозникот на нафтени деривати и трговецот на големо со нафтени деривати треба да располага со посебни складови" .

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 декември 2004 година.

Бр.15-6552/2
1 ноември 2004 година
Скопје

Министер,
**Стевчо Јакимовски,** с.р.